КОАЛИЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2018

## ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КОАЛИЦИЈАТА ЗА 2018

СКОПЈЕ, МАРТ 2019

**Издавач:** Коалиција на здруженија на граѓани
Сите за правично судење
Ул. Македонија 11/2-10, 1000 Скопје
Тел/Факс: +389 2 6139874
E-mail: contact@all4fairtrials.org.mk
Web: **www.all4fairtrials.org.mk**

**За издавачот:** Натали Петровска,
Извршна директорка

**Автор:** Национална канцеларија на
Коалиција Сите за правично судење

**Уредник:** Натали Петровска,
Ивана Петковска,

**Обработка:** Даниел Митковски

**Дизајн и печат:** Графохартија

**Тираж:** 100

Овој извештај на Коалицијата на здруженија на граѓани Сите за правично судење, е поддржан од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), како дел од Проектот за граѓанско учество. Содржината е одговорност на тимот на Коалицијата на здруженија на граѓани Сите за правично судење и не ги изразува ставовите на УСАИД или Владата на Соединетите Американски Држави.

# СОДРЖИНА


ПОЗДРАВНО ОБРАЌАЊЕ ........ 4

ДО НАШИТЕ КОНСТИТУЕНТИ ........ 5

15 ГОДИНИ КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ ........ 6

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2018 ........ 8

1. Истражување за кривично правната регулатива – помеѓу теорија и пракса ........ 8
2. Поддршка на судските и кривично правните реформи ........ 8
3. Институционален грант Цивика мобилитас ........ 9
4. Пат до правда за жени кои претрпеле семејно насилство ........ 9
5. Правна помош и поддршка за зајакнување на капацитетите за застапување и одржливост на локални граѓански организации ........ 10
6. Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Р.Македонија ........ 11
7. ЗА ПРАВДА ........ 12
8. Набљудување на судски предмети од областа на организираниот криминал и корупција ........ 13
9. Меѓународен мониторинг ........ 13
10. Прирачник „Пристап базиран на човекови права“ ........ 13
11. Мониторинг и подобрување на капацитетите на институциите во борбата против организираниот криминал и корупција ........ 14

УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ И ОДРЖАНИ СРЕДБИ ВО 2017 ........ 15

1. Годишна конференција за мониторинг на судски постапки, организирана од Мисијата на ОБСЕ ........ 15
2. Напредна обука за набљудувачи ........ 15
3. Тркалеза маса организирана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје за размена на практики и искуства од регионот ........ 16
4. Обука за трговија со луѓе и родово базирано насилство ........ 17
5. 25 години Фондација Отворено општество-Македонија ........ 17
6. Национален форум: Ние, двигателите на промени ........ 18
7. Регионален форум за владеење на правото ........ 18
8. Правосудство и основни права – Поглавје 23 ........ 19
9. Blueprint иницијатива ........ 19
10. Соработка со меѓународни институции ........ 20
11. Други работилници, средби и обуки ........ 21

АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ ........ 22

1. Годишно Собрание на Коалицијата Сите за правично судење ........ 22
2. Вонредно Собрание на Коалиција Сите за правично судење ........ 23

ЈАВНИ РЕАКЦИИ И ОБЈАВЕНИ СТАТИИ, МЕДИУМСКА ПОКРИЕНОСТ ........ 24

1. Јавни реакции и статии ........ 24
2. Медиумска видливост ........ 25

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2018 ........ 28

1. БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА 31.12.2018 ........ 28
2. БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2018 ........ 28

ДЕЛ ОД НАШИТЕ ПУБЛИКАЦИИ ........................................................................................................ 29
КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ ................................................................................................................ 30

# ПОЗДРАВНО ОБРАЌАЊЕ

Почитувани,

Коалицијата Сите за правично судење работеше на процесите на следење судски постапки пред надлежните судови во Република Северна Македонија, со цел да се обезбеди осигурување на загарантираните права на правично судење, како што е предвидено со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори и да се влијае на зголемување на јавната свест и посочување на потребните реформи во судските постапки и работа на истите.

Коалицијата во рамки на своето специфично поле на дејствување, секоја година изготвува анализи, статии, публикации и обработува различни статистички податоци со цел адресирање на проблематични подрачја, специфични примени на регулативата, како и зголемување на свесноста на јавноста за потребата од реформи во правосудниот систем, кон што се стреми и во иднина.

Оваа година беше исклучително важна за Коалицијата, обележавме 15 години постоење, работење и дејствување со нашата работа во правосудниот сектор. Посебно за што се залага Коалицијата е враќањето на довербата на граѓаните во правдата и судството.

Во иднина, се надевам дека Коалицијата ќе бележи уште поголеми успеси и ќе биде препознаена од главните фактори како соработник за подобрување на состојбите во правосудството и за владеење на правото и правната држава.

Д-р Мирјана Иванова Бојаџиевска
Претседател на
Коалиција Сите за правично судење

# ДО НАШИТЕ КОНСТИТУЕНТИ

Почитувани,

Коалицијата на здруженија на граѓани е формална мрежа од 14 организации членки кои имаат една заедничка мисија, а тоа е: следење на почитувањето на човековите права и слободи посебно на меѓународните стандарди на правично судење преку разни форми на делување во настојувањето да се зголеми нивото на нивното имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи како и да се врати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот.

Во текот на 2018 година беа набљудувани повеќе од 1200 судски постапки од кривична и граѓанска област во повеќе од 10 основни судови во Република Северна Македонија во сите 4 апелациони подрачја. Врз основа на набљудуваните судски рочишта беа изработени различни анализи, брифови, статистики, а исто така кога беше неопходно Коалицијата јавно реагираше и за конкретни предмети со различни реакции и статии. Судските предмети беа следени од околу 40тина набљудувачи кои што поминаа различни основни и напредни обуки од Коалицијата, а сега веќе се и дел од базата на набљудувачи на Коалицијата.

Во 2018 година, Коалицијата бележи значителен напредок во полето на дејствување и работење. Органите на правосудниот систем ја препознаваат Коалицијата како фактор кој што може да даде особен придонес кон зајакнување на довербата на граѓаните во институциите на системот како и кон посочување на потребата за можните реформи во судските постапки се со цел да се придонесе кон осигурување на правата на фер и правично судење кои што се загарантирани со Уставот, законите и меѓународните договори. Ова ја прави Коалицијата Сите за правично судење водечка организација во регионот на Југоисточна Европа по однос на бројот на набљудувани судски предмети и публикувани анализи за ефикасноста на судските постапки.

Со почит,
Натали Петровска
Извршна директорка на
Коалиција Сите за правично судење

## 15 ГОДИНИ КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

Во 2018 година Коалицијата на здруженија на граѓани Сите за правично судење обележа 15 години од нејзиното формирање. Во изминатите 15 години Коалицијата континуирано работи на судски мониторинг за следење на основните човекови права, а особено внимание посветува на меѓународните стандарди на правично судење. Коалицијата во изминатите години работи и преку различни форми на дејствување се со цел да се зголеми нивото на имплементација и да се иницираат повеќе институционални и правни реформи. Една од насоките кон што се стреми Коалицијата е враќање на довербата на граѓаните во судството. Преку секојдневната работа Коалицијата се стреми да стане моќна и стабилна организација во држава во која целосно се почитуваат човековите права и слободи, со посебен акцент на стандардите на правично судење. Коалицијата ќе продолжи и во иднина да работи на мониторинг на судски постапки пред судовите во Република Македонија се со цел да се обезбеди осигурување на загарантираните права на правично судење, зголемување на јавната свест, посочување на потребните реформи во судските постапки и зајакнување на улогата и капацитетот на граѓанските организации.

На 23 мај 2018 година во **Скопје**, Коалицијата во рамките на своето 15 годишно јубилејно постоење, а во склоп на проектот **„Поддршка на судските и кривично правните реформи“** финансиски поддржан од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје одржа тркалезна маса под истиот наслов како проектот на која што беше презентирана анализата на податоците собрани во последните 3 години од спроведениот мониторинг на кривични постапки во судовите во Република Македонија во сите 4 апелациони подрачја. На истата, излагања имаа претставници на членки на Коалицијата кои делуваат во областа на правосудството.

На 30 мај 2018 година во **Битола** исто така беше оддржана тркалезна маса како дел од проектот **„Поддршка на судските и кривично правните реформи“** финансиски поддржан од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Јавноста беше запознаена со податоците што беа анализирани во последните 3 години од судскиот мониторинг во кривичната област, како и заклучоците и препораките кои што Коалицијата ги давала во однос на Законот за кривична постапка.

На 22 јуни 2018 година во Скопје, Коалицијата одржа промоција „15 години поддршка за фер судења“ овозможено со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на проектот на УСАИД за граѓанско учество. На оваа промоција беше презентирана работата на Коалицијата во изминатите 15 години и беа потенцирани поголемите проекти, а воедно беше претставена на јавноста и методологијата на работа и новите предизвивици со кои што ќе се соочува во наредниот период Коалицијата.

Во изминатите 15 години Коалицијата активно врши мониторинг на судски постапки и веќе е препознаена организација од страна на судиите како стручна организација со обучени стручни набљудувачи. Нашите набљудувачи присуствуваат и на рочишта кои се исклучни за обичната јавност во судниците, што е чекор понапред до станување организација која е двигател и партнер на институциите на системот, а ќе биде препознаена и со нејзината улога во правосудството.

Во овие 15 години постоење би сакале да истакнеме дека одредени судии веќе ја препознаваат улогата и работата на Коалицијата, па на расправи на кои што беше исклучена јавноста дозволуваа присуство на нашите набљудувачи како стручна јавност. За жал оваа пракса се уште не е изедначена во сите судови во Република Македонија, но се надеваме дека во периодот кој претстои, Коалицијата ќе биде се повеќе препознаена како организација која е двигател и партнер на институциите на системот, а ќе биде препознаена и со нејзината улога во правосудството.





*Настани кои што ја одбележаа 15 годишнината на Коалиција Сите за правично судење*

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2018

## 1. Истражување за кривично правната регулатива – помеѓу теорија и пракса

Од јануари 2018 година започна проектот добиен од Институт за демократија "Социетас Цивилис" Скопје (ИДСЦС) во соработка со Центар за Економски Анализи (ЦЕА) во рамки на проектот **„Проценка на влијанието на регулативата во сенка: Промовирање на креирање политики базирани на докази"**, финансиски поддржан од Делегација на Европска Унија. Главната цел на проектот е мониторинг и евалуација на влијанието на ПВР врз квалитетот на предложените измени за ЗКП и ЗЈО. Развивањето на ПВР процесот и неговото следење во однос на транспарентноста на самиот процес би довело до поголемо учество на засегнатите страни.

Целиот процес на ПВР е анализа и детално истражување во однос на влијанието на законската регулатива врз нејзините корисници, а транспарентноста на ПВР процесот е важен сегмент за добиениот квалитет од таа анализа кој подоцна секако би се рефлектирал врз засегнатите страни. Нашиот фокус е мониторингот и евалуацијата на ПВР на кривичната регулатива односно на ЗКП и ЗЈО. Изработената ПВР би послужила за подобар квалитет на самиот процес на кој крајна цел е подобрување на регулативата, утврдување на можни решенија и намалување на негативните последици.





*На 15.11.2018 година се одржа настан во хотел Солун на кој што се промовираше анализата*

## 2. Поддршка на судските и кривично правните реформи

Во март 2018 година започна проектот **„Поддршка на судските и кривично правните реформи"** финансиски поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. И оваа година продолжи набљудувањето на кривични предмети од страна на 16 обучени набљудувачи во 9 судови на територијата на Р.Македонија кои набљудуваа 400 судски рочишта. На 29.03.2018 година во канцелариите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје се одржа обука за мониторинг на судски постапки која што беше наменета за избраните набљудувачи. На 05.12.2018 година се одржа завршна конференција на која беа промовирани првичните резултати добиени од мониторингот, во склоп на завршната

конференција имаше и организирана дискусија со јавни обвинители, судии и лица од академската фела  во однос на детектираните проблеми што произлегуваат од Законот за кривична постапка.




*Обука за набљудувачи*




*Презентација на резултатите од мониторингнгот*

## 3. Институционален грант Цивика мобилитас

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU). Како програма за поддршка на граѓанското општество започна да се спроведува во април 2016та година и траеше до април 2018 година. Институционалниот развој се однесува на поддршката која граѓанското општество може да ја даде за развојот на Македонија.

Организациското јакнење се однесува на јакнење на организациите во подобрување на нивниот севкупен успех во постигнувањето на нивната мисија, како и за зголемување на поширокото влијание на нивната работа. Во текот на програмата 48 здруженија и фондации од сите осум региони и од повеќе сектори беа институционално поддржани.

Цивика мобилитас го поддржува граѓанското општество во промовирање општествени промени во (стратешки) области, како што се добро владеење, децентрализација и развој на граѓанското општество.

## 4. Пат до правда за жени кои претрпеле семејно насилство

Во февруари Коалицијата започна со мониторирање на кривични и граѓански предмети од областа на семејното насилство. За потребите на овој проект се ангажирани 11 набљудувачи за мониторинг во 9 судови на територијата на Р.Македонија.

Мониторингот произлегува од проектот **„Пат до правда за жени кои претрпеле семејно насилство“** кој што е во соработка со Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ).




*На 07.02.2018 година беше одржана обука за набљудувачи*

## 5. Правна помош и поддршка за зајакнување на капацитетите за застапување и одржливост на локални граѓански организации

Проектот **„Правна помош и поддршка за зајакнување на капацитетите за застапување и одржливост на локални граѓански организации“** е финансиски поддржан од Европската Унија со договор бр. IPA/2017/393-124 во рамки на програмата IPA Civil Society Facility and Media Programme 2016 – 2017.

Проектот ќе се спроведува во периодот од 1 јануари 2018 до 31 јуни 2020 година од страна на Македонското здружение на млади правници, Данскиот совет за бегалци, Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип и Коалицијата Сите за правично судење. Општа цел на проектот е да го зголеми влијанието на граѓанските организации во процесите за креирање и донесување на закони, политики и одлуки на локално и национално ниво преку зајакнување на нивната отчетност, ефикасност и одржливост. Во насока на остварување на општата цел, проектот вклучува спроведување на повеќе активности групирани во три компоненти:

(1) Правна помош и поддршка на граѓански организации за зајакнување на нивните внатрешни правила и процедури (статути, правилници, политики), целосно исполнување на законските обврски кои се однесуваат за граѓанските организации и правно зајакнување во односите на граѓанските организации со трети лица;

(2) Зајакнување на капацитетите на локални граѓански организации за застапување и влијание врз политиките, законодавството и донесувањето одлуки на локално и

национално ниво преку обуки и менторска поддршка при спроведување на поединечни активности за застапување; и

(3) Зајакнување на капацитетите на локални граѓански организации за зајакнување на нивата одржливост преку обуки и менторска поддршка при изработката на проектни апликации.

## 6. Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Р.Македонија

Проектот **„Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Р.Македонија“** започна да се имплементира во јуни 2018 година со поддршка од Проектот на УСАИД за граѓанско учество и ќе се спроведува до ноември 2020 година.

Коалицијата Сите за правично судење со имплементирање на овој проект и преку мониторинг на имплементација на домашните закони и меѓународните стандарди, ќе даде поддршка за подобрување на пристапот и квалитетот до правда. Посебен фокус ќе се даде на граѓанските судски постапки и ранливи категории на граѓани (маргинализирани групи и лица со попреченост) во четирите апелациони региони: Скопје, Гостивар, Битола и Штип.

Во рамки на овој проект отворени се 4 регионални канцеларии во Република Македонија на ниво на апелационите подрачја. Канцелариите се отворени во Штип, Битола, Тетово и Скопје. Канцелариите во Тетово и Битола се во соработка со организации-членки на Коалицијата, односно во Младински Културен Центар-Битола и Мултикултура-Тетово. Канцеларијата во Штип е отворена во соработка и со поддршка од општината Штип. Во овие канцеларии, граѓаните ќе можат да се обратат за потребата од мониторинг на граѓански постапки.

За овој проект, писма за поддршка добивме и од Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика.



*Обука за набљудувачи (х. Бистра – Маврово)*

*Потпишување на меморандум за соработка со општина Штип*







*Отварање на регионалана канцеларија во Тетово (Мултикултура – Тетово)*

*Отварање на регионална канцеларија во Битола (МКЦ - Битола)*




## 7. ЗА ПРАВДА

Проектот **"ЗА ПРАВДА"** е финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија, а овозможен од Хелсиншки Комитет за човекови права на Република Македонија во партнерство со Коалиција Сите за правично судење, Македонско здружение на млади правници (МЗМП), Институт за човекови права (ИЧП), Здружение на граѓани – Институт за европска политика (ЕПИ) и Центар за правни истражувања и анализи (ЦПИА), сите во Скопје.

Проектот се спроведува со главни и споредни активности, додека очекувањата на долгорочен план се што поголема и зголемена вклученост на граѓанските организации во

процесот на спроведување на овие реформи во правосудството, со влијание кое ќе доведе до поголема одговорност на носителите на одлуки кои треба да бидат сервис на граѓаните, од аспект на заштитата, деполитизација и подобрување на професионалноста, транспарентноста и независноста на правосудните органи. Целта на долгорочниот план е да се дојде до враќање на довербата во правосудството и подобрување на животниот квалитет приближувајќи ја земјата кон членство во ЕУ.

## 8. Набљудување на судски предмети од областа на организираниот криминал и корупција

Во периодот од октомври 2018 година до јануари 2019 година Коалиција Сите за правично судење го имплементира проектот „**Набљудување на судски предмети од областа на организираниот криминал и корупција**“ со финансиска поддршка од Фондацијата Отворено општество-Македонија кој ќе биде надополнување на долгогодишната работа на Коалицијата во полето на судскиот мониторинг.

Реализацијата на проектот се базира на мониторинг на високо профилирани предмети од областа на организираниот криминал и корупција. Преку мониторингот се овозможува прибирање на статистички податоци за начинот на имплементација на новиот Закон за кривичната постапка (ЗКП) во кривични постапки поврзани со организиран криминал и корупција. Целта на проектот е да се оцени судската ефикасност преку следење на имплементацијата на новиот ЗКП, да се процени кривично – правниот одговор на борбата против корупцијата и организираниот криминал, воспоставување на систем за рано известување за недостатоци во примената на новиот ЗКП и да се процени степенот на почитување на стандардите за фер судење.

## 9. Меѓународен мониторинг

Коалицијата заедно со други организации (Центар за правни истражувања и анализи, Хелсиншки комитет за човекови права, Институт за човекови права и Македонско здружение на млади правници) спроведоа истражување за потребите на Фондација Отворено општество-Македонија во однос на потребата од меѓународен мониторинг споредбено со други држави. Истражувањето што го спроведе Коалицијата се однесуваше во однос на Набљудување на судските постапки во врска со воените злосторства сторени за време на Хрватската војна за независност од 1991 до 1995 година.

## 10. Прирачник „Пристап базиран на човекови права“

Коалицијата Сите за правично судење во партнерство со Институтот за човекови права, Македонското здружение на млади правници и Хелсиншки комитет за човекови права преку проектот **„Практична примена на пристапот заснован на човекови права (HRBA) - основи”**, финансиски поддржан од програмата ЦИВИКА МОБИЛИТАС изготвија прирачник кој има цел да им помогне на граѓанските организации  нивните партнери да го

разберат значењето на терминот „Пристап заснован на човекови права“, неговите начела, содржина и начинот на примена на секојдневната работа, во контекст на Република Македонија. Прирачникот  се стреми да го постави ПЗЧП како камен темелник за сите граѓански организации во РМ, да инспирира и да ги информира за практичните аранжмани потребни за обезбедување подеднаков пристап до јавните добра, услуги и правда.




*Прирачникот може да го најдете на нашата веб страна*

## 11. Мониторинг и подобрување на капацитетите на институциите во борбата против организираниот криминал и корупција

Од декември 2018 година до јуни 2021 година започна да се имплементира новиот проект **„Мониторинг и подобрување на капацитетите на институциите во борбата против организираниот криминал и корупција“.**

Коалицијата Сите за правично судење заедно со нејзината членка Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) од Гостивар започна да го спроведува проектот преку кој ќе се даде придонес кон работата на институциите во борбата против организираниот криминал и корупција.

Активностите кои ќе се спроведуваат со овој проект се: мониторинг и евалуација на транспарентноста и пристапноста на институциите кои се борат против организираниот криминал и корупцијата, мониторинг на Специјалното јавно обвинителство, Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Државната комисија за спречување на корупција во поглед на јавноста и транспарентноста. Мониторинг ќе се спроведува и на судски предмети од областа на организираниот криминал и корупција во Основниот суд Скопје 1 Скопје.

# УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ И ОДРЖАНИ СРЕДБИ ВО 2017

## 1. Годишна конференција за мониторинг на судски постапки, организирана од Мисијата на ОБСЕ

Елена Наковска, проектна координаторка како претставник на Коалицијата оваа година учествуваше на Годишна конференција за мониторинг на судски постапки, организирана од страна на ОБСЕ/ОДИХР, а која се одржа во Киев, Украина од 12 до 14 јуни 2018 година. Во рамки на оваа конференција беа разменети искуства во поглед на мониторингот и евалуацијата на работата на судовите во различни држави.




*Годишна конференција за мониторинг на судски постапки (Киев, Украина)*

## 2. Напредна обука за набљудувачи

На 14 и 15 мај 2018 година се одржа напредна обука за мониторинг на судења наменета за невладини организации со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Коалицијата Сите за правично судење ги зацврсти капацитетите на своите набљудувачи преку спроведената обука од меѓународните експерти г-а Меган Хрле и г-дин Алекс Конте од ОДИХР-Канцеларијата за демократски институции и човекови права.





*Дел од учесниците и предавачите на напредната обука (Хотел Солун - Скопје)*

### 3. Тркалеза маса организирана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје за размена на практики и искуства од регионот

На 16 и 17 мај 2018 година, ОБСЕ/ОДИХР организираа тркалезна маса во Скопје за набљудувачите на судски процеси од регионот заради размена на идеи и најдобри практики. Претставници на Коалицијата учествуваа со свои излагања во двете панел дискусии. Целта на оваа тркалезна маса беше да се поставаат прашањата и да се дојде до одговор на истите како што се: Како лицата кои ги следат судските процеси да известуваат земајќи ги во вид човековите права, публицитетот и предрасудите? Кои аспекти, на пример правото на правично судење на обвинетиот, изречените санкции, собирањето докази и презентацијата од страна на обвинителите, го одредуваат начинот на известување?




*Извршната директорка на Коалицијата беше еден од говорниците на тркалезната маса*

## 4. Обука за трговија со луѓе и родово базирано насилство

Во периодот 21.02.-23.02.2018 и 25.03-27.03.2018 година Ивана Петковска, проектна асистентка во Коалицијата Сите за правично судење учествуваше на обука за Троговија и со луѓе и родово базирано насилство организирана од Првата детска амбасада во светот Меѓаши.




## 5. 25 години Фондација Отворено општество-Македонија

На 21 мај 2018 година извршната директорка на Коалицијата беше еден од говорниците на дискусијата „ Има ли шанси Отвореното општество во Македонија?“ како дел од 25 години поддршка за силни и активни граѓани и демократско општество организирано од Фондација Отворено општество.





## 6. Национален форум: Ние, двигателите на промени

На 30 ноември - Дарко Аврамовски, правен советник и истражувач во Коалицијата, на средбата за вмрежување **“Ние, двигателите на промени”** во организација на програмата Цивика Мобилитас - презентираше дел од прирачникот за примена на пристапот заснован на човекови права. На 1 декември, Коалицијата на својот штанд ги претстави публикациите и изданијата од својата долгогодишна работа.







## 7. Регионален форум за владеење на правото

На ден 16 и 17 март, Натали Петровска, извршна директорка на Коалицијата учествуваше на Регионалниот форум за владеење на право во организација од Civil Rights Defenders.



## 8. Правосудство и основни права – Поглавје 23

Натали Петровска, извршната директорка на Коалицијата говореше на Втората работна сесија на Работната група 3 (Правосудство и основни права-Поглавје 23) од Националната Конвенција на Европската Унија во Република Македонија, на тема “Механизми за ефективна борба против корупција” - Ефикасност и ефективност на јавното обвинителство во борбата против корупцијата.



## 9. Blueprint иницијатива

Натали Петровска, извршна директорка на Коалицијата учествуваше во Блупринт иницијативата во сегментот правосудство, учествуваше на петтата седница на Советот за имплементација на Стратегијата за реформи на правосудниот сектор.

Натали Петровска, извршна директорка и Дарко Аврамовски, правен советник и истражувач на Коалицијата учествуваа на неколку координативни средби во рамки на Блупринт иницијативата во секторот правосудство. Препознатливоста и етаблираност на оваа иницијатива кај државните институции, резултираше со обезбедување на претставник на оваа група во Советот за следење на имплементација на стратегијата за реформа на правосудниот сектор во периодот од 2017 до 2020 година.




*Петта седница на Советот за имплементација на Стратегијата за реформи во правосудниот сектор*

## 10. Соработка со меѓународни институции

На 09.07.2018 година се одржа работен состанок со претставници на Венецијанската комисија во поглед на измените на Законот за судови и Законот за судскиот совет со посебен осврт на регулативата која се однесува на назначувањето, унапредувањето, одговорноста и разрешувањето на судиите.

На 25.07.2018 година се одржа работен состанок со претставник на Советот на Европа во поглед на владеењето на правото, со посебен акцент на борбата со организираниот криминал и корупција. На средбата беа дискутирани напорите на Коалицијата за следење на состојбите со примена на законите во судовите, а беа презентирани и анализите и наодите на Коалицијата од минатите 3 години кои се однесуваат на оваа проблематика.

На 02.08.2018 година учесвуваме на средба со претставници од Конгресот на САД во поглед на напредокот на реформите во правосудството, функционирањето на судскиот систем, степенот на почитување на независноста, професионалноста и отчетноста на судовите, како и ангажманот на САД во поглед на поддршка на граѓанскиот сектор, но и на правосудните институции, а со цел за постигнување на посакуваното ниво на владеење на правото и судската заштита на човековите права и слободи.

## 11. Други работилници, средби и обуки

На 13.02.2018 година Натали Петровска, извршна директорка беше дел од работилницата за ревизија на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, Акциски план 2018-2020 година.

На 07.02.2018 година, Натали Петровска, извршна директорка на Коалицијата учествуваше на тркалезната маса по повод креирање на извештајот во сенка од Мрежа 23, во која Коалиција е активна членка.

На 01.03.2018 година Натали Петровска, извршната директорка на Коалицијата учествуваше на работна сесија во работната група-правосудство и човекови права - Националната конвенција за ЕУ во Р.Македонија.

На 23.02.2018 година Натали Петровска, извршната директорка присуствуваше на средба организирана од Швајцарска амбасада, а не средбата се дискутираше за моменталните состојби во правосудството и тековните реформи.

Претставници од Коалицијата зема учество во Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата.

Тамара Димитровска, проектна асистентка во Коалицијата учествуваше на работилница во организација на МЗМП, на тема „Следење и заштита на човековите права, со фокус на човековите права на бегалците и мигрантите“.

Натали Петровска, извршната директорка на Коалицијата учествуваше во експертска работилница за Извештајот на Европската комисија за Р.Македонија, во организација на Мрежа 23.

Во текот на месец февруари и март 2018 година, податоците со кои располага Коалицијата од изминатите неколку години, а во поглед на мониторинг на судски постапки од областа на организираниот криминал и корупција, беа ставени на располагање за креирање на истражувачка сторија на новинарот Тео Блажевски. Сторијата имаше за цел да отвори многу неодговорени прашања поврзани со транспарентноста на судските постапки и поврзаноста со евентуалната корупција во истите.

# АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

## 1. Годишно Собрание на Коалицијата Сите за правично судење

На 09.03.2018 година во ГЕМ Менада во Скопје се одржа 15-то годишното Собрание на Коалицијата. Присутни на Собранието беа 10 од 15 членки на организацијата и тоа:

1. Асоцијација за демократска иницијатива АДИ – Гостивар
2. Граѓанска асоцијација МОСТ ГА МОСТ – Скопје
3. Здружение за правата на детето ЗПД – Скопје
4. Младински образовен форум МОФ – Скопје
5. Прва детска амбасада во светот Меѓаши ПДАС Меѓаши – Скопје
6. Здружение на граѓани МУЛТИКУЛТУРА - Тетово
7. Младински културен центар МКЦ – Битола
8. Совет за превентива против малолетничка деликвенција СППМД - Кавадарци
9. Хуманитарно добротворно здружение на ромите МЕСЕЧИНА – Гостивар
10. Субверзивен Фронт - Скопје

На ова Собрание, делегатите едногласно одлучија да бидат примени како нови членки две организации. Тоа се: **Институтот за европски политики (ЕПИ) и Македонското здружение на млади правници (МЗМП).**

Собранието изврши и избор на нови членови на Надзорен одбор на кој беа изгласани Блерим Салихи од МУЛТИКУЛТУРА-Тетово, Цветанка Камчева од Совет за превентива од малолетничка деликвенција СППМД-Кавадарци и Димитар Низамовски од Младински образовен форум МОФ-Скопје.

Поради отсуство на активен придонес како и поради отсуство од работата на органите и оперативните канцеларии на Коалицијата делегатите на Собранието со мнозинство гласови и еден воздржан одлучија да бидат исклучени членките Здружение на тиквешки Роми-Кавадарци, Избор - Струмица и ГИЦ Спектар-Штип.



*Годишно собрание на Коалицијата Сите за правично судење (ГЕМ Менада)*

## 2. Вонредно Собрание на Коалиција Сите за правично судење

На 21.12.2018 година се одржа вонредно 16то собрание на Коалицијата Сите за правично судење во хотел Солун. На собранието присуствуваа 10 од 14 делегати, претставници на организациите членки.

1. Асоцијација за демократска иницијатива АДИ – Гостивар
2. Граѓанска асоцијација МОСТ ГА МОСТ – Скопје
3. Младински образовен форум МОФ – Скопје
4. Прва детска амбасада во светот Меѓаши ПДАС Меѓаши – Скопје
5. Здружение на граѓани МУЛТИКУЛТУРА - Тетово
6. Младински културен центар МКЦ – Битола
7. Совет за превентива против малолетничка деликвенција СППМД – Кавадарци
8. Субверзивен Фронт - Скопје
9. Македонско здружение на млади правници МЗМП - Скопје
10. Институт за европски политики ЕПИ - Скопје

На вонредното Собрание беа направени суштински измени во статутот на Коалицијата Сите за правично судење.

На Собранието беше избран новиот Управен Одбор на Коалицијата Сите за правично судење.

Нови членови на Управниот одбор се: Драги Змијанац - Меѓаши, Лазар Нанев - СППМД, Симонида Кацарска - ЕПИ, Вулнет Зенки - Мултикултура и Љуљзим Хазири - АДИ.

# ЈАВНИ РЕАКЦИИ И ОБЈАВЕНИ СТАТИИ, МЕДИУМСКА ПОКРИЕНОСТ

## 1. Јавни реакции и статии

Во 2018 година тимот на извршната канцеларија на Коалицијата будно ги следеше сите актуелни судски постапки кои што се водеа. Беа изготвени и објавени 12 месечни брифови, а исто така беа изготвени и месечни статистики за одржани/одложени расправи по предметите на Специјалното јавно обвинителство. Извршната канцеларија на Коалиција во неколку наврати излезе во јавноста со реакции за предметот „27ми април“ и долгото траење на рочиштата, а исто така беа објавени реакции и на други детектирани проблеми кои што се појавија во изминатиот период.

Коалицијата во септември поднесе и две претставки до Судскиот Совет на Република Македонија. Едната претставка се однесуваше за долгите рочишта по предметот „27ми април“, а другата претставка се однесуваше за судија од Основен суд Битола кој што не дозволи присуство на јавност на набљудувачот од Коалиција Сите за правично судење.

Беше објавена и статистиката на сите предмети кои што ги води Специјалното јавно обвнителство во поглед на статусот колку предмети се правосилни завршени, за колку предмети сеуште трае судскиот процес и по колку предмети сеуште се води постапката пред второстепениот суд.

Беше направена и споредба на предметите „27ми април“ и „Диво Насеље“ во поглед на траење на постапките, траење на рочиштата со оглед на тоа дека се работи за слични обемни предмети.

На следните линковите може да ги најдете јавните реакции и статиите:

- **Статија Загрозен од „јавноста“ –** оваа статија се однесува на решението на судечкиот совет по предметот „27ми април“ за исклучување на јавноста при испитувањето на загрозениот сведок.

http://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2018/10/Статија-Загрозен-од-јавноста.pdf

- **Реакција по повод напуштањето на земјата од страна на лицето Никола Груевски**

http://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2018/11/Reakcija-NG2018.pdf

- **Конфликтна амнестија** – статија во врска со донесениот Закон за амнестија за настаните од 27.04.2017 година

http://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2018/12/Конфликтна-амнестија.pdf

- **Јавна реакција за долгото траење на рочиштата по предметот „27ми април“**

http://all4fairtrials.org.mk/?events=јавна-реакција-на-коалицијата-сите-за&lang=mk

- **Јавна реакција за спречување присуство на јавност во Основниот суд Битола**

http://all4fairtrials.org.mk/?events=јавна-реакција-за-спречување-на-прису&lang=mk

- **Јавна реакција за долгото траење на рочиштата по предметот „27ми април“**

http://all4fairtrials.org.mk/?events=јавна-реакција-за-предметот-27ми-апри&lang=mk

- **Јавна реакција за долгото траење на судското рочиште по предметот „Тенк“**

http://all4fairtrials.org.mk/?events=јавна-реакција-по-повод-судското-рочи&lang=mk

## 2. Медиумска видливост

1. На 26.02.2018 година извршната директорка Натали Петровска гостуваше во емисијата Топ Тема на Ваша Страна на тема поврзана со планот 3-6-9 и АКМИС-от.

https://www.youtube.com/watch?v=0gXI20g2-uU&feature=share

2. На 10.03.2018 година извршната директорка Натали Петровска даде изјава за ТВ Ал Џезеира.

https://www.youtube.com/watch?v=suGUiEOVZd4

3. Извршната директорка Натали Петровска даде изјава во Радио Слободна Европа

https://www.slobodnaevropa.mk/a/29067294.html

4. За потребите на онлајн платформата #Само прашај се одговараше на прашања од граѓаните од областа на правосудството и правната проблематика.

https://www.youtube.com/watch?v=VdDeckhIzEw

https://www.youtube.com/watch?v=kw6lyi51xPg

5. Извршната директорка Натали Петровска даде изјава за истражувачка сторија на тема: „Поврзаноста на (не)транспарентноста на судските постапки со корупцијата“

http://vistinomer.mk/petrovska-doverbata-na-javnosta-vo-pravosudstvoto-e-edvaj-10-otsto/

6. Гостување на Дарко Аврамовски, правен советник и истражувач во Коалицијата на телевизија 24 во емисијата 24 анализа на тема: „Ќе надвисне ли тегот конечно на странана вистината?“

https://www.youtube.com/watch?v=iKFIfUi-UpU

7. Гостување на извршната директорка Натали Петровска на телевизија 21 во емисијата клик плус на тема: „Судски реформи – за правда или за ЕУ“

https://www.youtube.com/watch?v=mC4rrWy3LKI

8. Изјава на Натали Петровска, извршната директорка на Коалицијата во врска со судскиот предмет „Зијадин Села“

http://alfa.mk/News.aspx?id=135148#.Wy6JtVX-jIX

9. „15 години поддршка за фер судења“

https://1tv.mk/makedonija/поголема-јавност-на-постапките-и-тран/

http://www.sudstvo.mk/промоција-15-години-поддршка-за-фер-су/

http://janakiznae.mk/петнаесет-години-поддршка-за-фер-суде/

10. Натали Петровска, извршната директорка на Коалицијата даде изјава за Радио Слободна Европа

https://www.slobodnaevropa.mk/a/29473112.html

11. Дарко Аврамовски, правен советник и истражувач во Коалицијата даде изјави за тв Алфа и тв Ал Џазеира

https://www.youtube.com/watch?v=mXuBCpqcpzs

https://www.youtube.com/watch?time_continue=5&v=4YZQhZbUFNs

12. Мирјана Иванова Бојаџиевска, претседателката на Коалицијата гостуваше на 1ТВ

https://www.youtube.com/watch?v=IWEgRGNaccU

13. Интервју со Натали Петровска, извршната директорка на Коалиција.

http://janakiznae.mk/Петровска-После-15-години-судски-монито/

14. Натали Петровска, извршната директорка на Коалицијата Сите за правично судење гостуваше во емисијата „Отворено” на 1ТВ, на тема - актуелните судски постапки, укинувањето на притворите во предметот „27ми април”, предметите застапувани од СЈО, како и судските реформи кои се очекуваат во следниот период.

https://www.youtube.com/watch?v=oKN1B5AwFSA&fbclid=IwAR2LI8UR_qQveIPswyxcGcXG-NT0TvhMcFMwHTwD93o080wlGUNFqf6b_tg

15. На 7 декември Натали Петровска, извршната директорка на Коалицијата даде коментари и согледувања во поглед на предлог – законот за СЈО за медиумската куќа Телма.

https://www.youtube.com/watch?v=Kpkx-4JuCzs&feature=player_embedded&fbclid=IwAR2BSWVNK83N5bEtYN2brU9-cdH_iwoWNSOYu9F2d8oUS2Ex1JocXOQGwwg

16. На 15 ноември кога Коалиција Сите за правично судење одржа презентација на анализата и краток осврт на ПВР процесот на Законот за кривична постапка и Законот

за јавно обвинителство, Извршната директорка Натали Петровска ги додаде своите забелешки за Канал 5 телевизија.

https://kanal5.com.mk/articles/355745/petrovska-potrebna-izmena-na-ovie-dva-zakoni

17. Натали Петровска, извршната директорка на Коалицијата Натали Петровска учествуваше во емисијата INSIDE на тема - Дали правосудните реформи започнуваат со покачувањето на платите на судиите; скандалот со инсталиранaта опрема за прислушкување во Основното јавно обвинителство Скопје, како и предлог законот за СЈО.

https://www.facebook.com/zhurnal.mk/videos/347305889399972/ ;http://www.zhurnal.mk/content/?id=1812221139438&fbclid=IwAR3Vjb9y1t_x8SnlPSiO8pYSYjRpUd-oYFPS3Ej4RVxfA1Huvhf2UT-hwR8

18. На 26 декември Натали Петровска, извршната директорка на Коалицијата гостуваше во Топ тема на Ваша страна на тема Законот за амнестија, измени во Кривичниот Законик и мандатот на Специјалното јавно обвинителство.

https://www.youtube.com/watch?v=oFqEnT5kHd8&feature=share

Во 2018 година веб страната на Коалицијата била посетена 20.690 пати, а фејсбук страната на Коалиција има 6.531 следачи.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2018

## 1. БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА 31.12.2018

| | ПРИХОДИ | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 95 | ден. |
| 2 | Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 2.683.944 | ден. |
| 3 | Други приходи | 545.801 | ден. |
| 4 | Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 1.215.539 | ден. |
| 5 | Непокриени расходи | 13.563 | ден. |
| | **Вкупни приходи:** | **4.458.942** | **ден.** |

| | РАСХОДИ | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Потрошени материјали | 447.291 | ден. |
| 2 | Потрошена енергија | 62.569 | ден. |
| 3 | Наемнини | 189.697 | ден. |
| 4 | Други материјални расходи | 139.096 | ден. |
| 5 | Провизија за платниот промет | 44.441 | ден. |
| 6 | Други расходи | 3.387.614 | ден. |
| 7 | Пренесени средства | 12.997 | ден. |
| 8 | Средства за опрема | 22.007 | ден. |
| 9 | Вкалкулирани плати | 153.230 | ден. |
| | **Вкупни расходи:** | **4.548.942** | **ден.** |

## 2. БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2018

| | СРЕДСТВА | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Опрема | 36.141 | ден. |
| 2 | Парични средства | 153.604 | ден. |
| 3 | Непокриени расходи | 13.563 | ден. |
| | **Вкупни средства:** | **203.308** | **ден.** |

| | КАПИТАЛ И ОБВРСКИ | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Деловен фонд | 36.141 | ден. |
| 2 | Краткорочни финансиски обврски | 137.000 | ден. |
| 3 | Пасивни временски разграничувања | 30.167 | ден |
| | **Вкупни капитал и обврски** | **203.308** | **ден.** |

# ДЕЛ ОД НАШИТЕ ПУБЛИКАЦИИ

## 2018 година




Прирачник за Пристап базиран на човекови права



Истражување за кривично правната регулатива – помеѓу теорија и пракса



Сумарни податоци од анкета Фер и правично судење во Р. Македонија



Анализа на податоците од набљудуваните судски постапки во 2017 година

## 2017 година



Анализа од спроведениот мониторинг на судски предмети од областа на организиран криминал и корупција




Водич – Претходна кривична постапка




Водич – Надзор од инспекцијата на трудот




Водич – Даночна контрола од страна на Управата за јавни приходи



Како до подобра законска регулатива

## 2016 година



Анализа на податоците од набљудуваните судски постапки во 2016 година



Имплементација на меѓународните стандарди за правично судење



Судската ефикасност во справување со организиран криминал и корупција во "Заробената држава"

# КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

Тимот на националната канцеларија на Коалицијата се состои од:

| | | |
|---|---|---|
| | **НАТАЛИ ПЕТРОВСКА<br>ИЗВРШНА ДИРЕКТОРКА** | **ДАНИЕЛ МИТКОВСКИ<br>ФИНАНСИСКИ АДМИНИСТРАТОР** |
| | **Моб:** 00 389 70 315990<br>**Тел/Факс:** 00 389 2 6139874<br>npetrovska@all4fairtrials.org.mk | **Моб:** 00 389 71 343021<br>**Тел/Факс:** 00 389 2 6139874<br>dmitkovski@all4fairtrials.org.mk |
| **ДАРКО АВРАМОВСКИ<br>ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР** | **ЕЛЕНА НАКОВСКА<br>ПРОЕКТЕН КООРДИНАТОР** | |
| **Моб:** 00 389 75 588196<br>**Тел/Факс:** 00 389 2 6139874<br>davramovski@all4fairtrials.org.mk | **Моб:** 00 389 77 744327<br>**Тел/Факс:** 00 389 2 6139874<br>enakovska@all4fairtrials.org.mk | |
| | **ИВАНА ПЕТКОВСКА<br>ПРОЕКТЕНА АСИСТЕНТКА** | **ТАМАРА ДИМИТРОВСКА<br>ПРОЕКТЕНА АСИСТЕНТКА** |
| | **Моб:** 00 389 70 252993<br>**Тел/Факс:** 00 389 2 6139874<br>ipetkovska@all4fairtrials.org.mk | **Моб:** 00 389 77 722591<br>**Тел/Факс:** 00 389 2 6139874<br>tdimitrovska@all4fairtrials.org.mk |

Информации за Коалицијата:




Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10, Скопје, 1000
Тел/Факс: 00 398 2 6139874
www.all4fairtrials.org.mk